## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ШТЕТА

Напишете опширно известување за околностите под кои се случила сообраќајната незгода и предадете го во компанијата заедно со формуларот за пријава на штета. При пријава на штета со Европски записник, сите учесници во незгодата се должни да ги донесат возилата со кои учествувале во сообраќајната незгода во друштвото за осигурување за да овозможат овластените лица на друштвото за осигурување да направат реконструкција на случајот.

**По пријавување на штетата:**

•Овластено лице на друштвото за осигурување прави увид на оштетувањата на возилата и изготвува записник за процена со кој се утврдува видот и обемот на оштетувањата (но не се утврдува правото на надомест на штета, како и износот на штетата).

•Доколку се согласувате со утврдените вид и обем на оштетувања, потпишете го записникот.

**Пред да го потпишете Записникот за процена, осигурајте се дека ги разбирате сите негови елементи. Ова посебно се однесува на ознаките за утврдена амортизација на одредени оштетени делови. Овие ознаки го означуваат процентот на истрошеност на оштетениот дел и утврдување на неговата реална сегашна вредност. При замена на оштетените делови со нови, утврдениот износ на штетата ќе биде намален за пресметаната амортизација (истрошеност).**

По извршената процена и комплетирање на целокупната документација, друштвото за осигурување врши обработка на барањата за надомест на штета и потоа одлучува за правото за надомест и за висината на штетата.

Во случај кога штетата е предизвикана од неосигурано моторно возило, штетата може да ја пријавите во Вашата компанија или во Националното биро за осигурување (www.nibm.com.mk).

Доколку возило со странски регистарски таблички е одговорно за незгодата, пријавата за штета ја поднесувате до Националното биро за осигурување (www.nibm.com.mk).

Во случај кога штетата е предизвикана од непознат сторител, нематеријалната штета може да ја пријавите во друштво за осигурување или во Националното биро за осигурување (www.nibm.com.mk).

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

## КОРИСНИ ИНФОРМАЦИИ

•Никогаш не дозволувајте да управувате неосигурано моторно возило. Казните се големи, а Вие не сте заштитени од загуби.

•Не го управувајте Вашето возило под дејство на алкохол или без соодветна возачка дозвола бидејќи истото се смета за неовластено и надоместот на штета кој го исплатило Осигурителното друштво има право да го побарува од Вас по основ на регрес заедно со камати и трошоци.

•Пред да пристапите кон пополнување на Европски извештај, прочитајте го внимателно упатството за пополнување на задната страна на образецот. Проверете ги внимателно случаите во кои не се пополнува Европскиот извештај и доколку утврдите таков случај, повикајте полиција.

•Кога причинител на штетата е непознат сторител се надоместуваат само нематеријални штети, но не и материјалните штети за оштетени ствари.

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**тел.: 02/3254 050, факс: 02/3290 240**
**е-пошта: contact@aso.mk;**
**www.aso.mk**
**ул. Васил Главинов 12, ТЦЦ Плаза II кат**
**Скопје**

Содржината од летокот е од информативен карактер

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

# ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ

•ЗОШТО ДА ГО ОСИГУРАМ МОЕТО ВОЗИЛО?

•ЗОШТО ПЛАЌАМ ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ?

•КОИ СЕ МОИТЕ ПРИДОБИВКИ ОД ТОА ОСИГУРУВАЊЕ?

•ШТО МОЖАМ ДА ИЗГУБАМ ДОКОЛКУ НЕ ГО ОСИГУРАМ ВОЗИЛОТО?

•КАКО ТРЕБА ДА СЕ ОДНЕСУВАМ ВО СЛУЧАЈ НА СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА?

## ЗОШТО ДА ГО ОСИГУРАТЕ ВАШЕТО ВОЗИЛО ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ И ШТО ЗНАЧИ ОВА ОСИГУРУВАЊЕ

•Врз основа на полисата за осигурување од автомобилска одговорност се надоместуваат штети кои со употреба на Вашето возило сте ги предизвикале Вие, односно корисникот на возилото, на имотот или на здравјето на трети лица.

•Со полисата за осигурување од автомобилска одговорност не се осигурува Вашето Возило туку Вашата одговорност за штети кои сте ги причиниле на трети лица.

•Осигурувањето од автомобилската одговорност е задолжително осигурување,

•Противзаконски е да го возите Вашето возило неосигурано или да дозволите друг да го направи тоа - казните за неосигурани и нерегистриани моторни возила се високи,

•Трошоците за осигурување се незначителни во споредба со трошоците кои ќе морате сами да ги платите во случај да предизвикате сообраќајна незгода со неосигурано возило.

**Во случај да биде предизвикана штета на вашиот имот или здравје во сообраќајна незгода, штетата треба да ја пријавите во друштвото за осигурување каде лицето кое Ви ја причинило штетата има склучено полиса за осигурување од автомобилска одговорност.**

## ВАЖНО - ПРЕД ДА КУПИТЕ ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

Премијата (цената) што ја плаќате за полисата за осигурување од автомобилска одговорност се однесува на ризици кои се покриени со полисата за осигурување. Ризиците се објаснети или во самата полиса или во дополнителен текст, односно во Услови за осигурување.

Полисата и Условите за осигурување треба да ги прочитате пред потпишување на полисата, а не по настанување на штетен настан.

## КОГА ДА КУПИТЕ ПОЛИСА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ

**Задолжително,** пред да користите возило во сообраќај, проверете дали има важечка полиса за осигурување од автомобилска одговорност. **Полисата за осигурување од автомобилска одговорност се обновува еднаш годишно.** Сопственикот на моторно возило не треба да дозволи прекин во траењето на осигурувањето. Полисата може да биде обновена во период од 30 дена пред истекот на претходното осигурување. Секое доцнење со обновата на полисата носи ризик, во случај на штети предизвикани по Ваша одговорност, од Вас да биде побаран регрес за сите исплатени надоместоци од материјална и нематеријална природа. Полисата за осигурување од автомобилска одговорност почнува да важи од 24:00 часот на денот што е означен како почеток на важноста на полисата, односно од наредниот ден.



## ШТО ВЛИЈАЕ ВРЗ ВИСИНАТА НА ЦЕНАТА НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ

•Видот на возилото и неговата моќност,

•Возраста на сопственикот – законски е одреден доплаток за лица постари од 70 години и за лица помлади од 26 години,

•Историја на учество во сообраќајни незгоди – Бонус малус систем,

•Намената на користење на возилото – одреден е доплаток доколку возилото се користи за такси превоз, рентакар и сл.

**Од особена важност е, Во случаите во кои е предвиден доплаток на основната премија поради зголемен ризик, при склучувањето на договорот за осигурување (полисата) да ја платите соодветната премија, во спротивно друштвото за осигурување има право да бара од Вас сразмерен дел од надоместот кој му го исплатило на оштетеното трето лице.**

## КОЈ МОЖЕ ДА ПРОДАВА ПОЛИСИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД АВТОМОБИЛСКА ОДГОВОРНОСТ

•Друштвата за осигурување (во своите простории или преку застапници во осигурување на терен),

•Осигурително брокерските друштва и

•Друштвата за застапување во осигурување.

**Задолжително обезбедете соодветен доказ за извршената уплата на премијата и чувајте го заедно со полисата.**

## ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИТЕ ДОКОЛКУ САКАТЕ СО ВАШЕТО ВОЗИЛО ДА ПАТУВАТЕ ВО СТРАНСТВО

Осигурувањето од автомобилска одговорност важи на територијата на Република Македонија. Доколку сакате возилото да го користите во странство за тоа треба да платите доплатна премија за Зелена карта. Во Република Македонија Зелената карта се издава за една година и се поврзува со времетраењето на полисата за осигурување од автомобилска одговорност. Зелената карта задолжително се купува од истото друштвото за осигурување од каде е издадена и полисата за осигурување од автомобилска одговорност. Доколку причините штета во странство, должни сте веднаш по враќање во земјата, но не подоцна од 30 дена од денот на случување на сообраќајната незгода, да го известите Вашето друштво кое ја издало Зелената карта, за начинот и околностите под кои се случила сообраќајната незгода. За ненавремено известување може да носите одговорност за штетата што како резултат на тоа ќе ја претрпи Друштвото.

## КАКО ТРЕБА ДА ПОСТАПИТЕ ДОКОЛКУ СТЕ УЧЕСНИК ВО СООБРАЌАЈНА НЕЗГОДА

Доколку сте учесник во сообраќајна незгода, заедно со другите учесници во незгодата треба да пополните Европски извештај или, во одредени случаи определени со закон, да повикате полиција.

Европски извештај не се пополнува доколку:

•има повредени лица,

•некој од учесниците одбива да ги даде своите лични податоци и податоци за возилото или го напуштил местото на незгодата,

•другите учесници во незгодата не поседуваат соодветна возачка дозвола,

•едно од возилата не е осигурано (не поседува важечка полиса за осигурување со која ќе се потврди дека другото возило е уредно осигурано,

•возило со странски регистарски таблички е учесник во незгодата,

•некој од возачите е под дејство на алкохол или на други психотропни супстанции,

•се уништени витални делови на некое од возилата, односно едно од возилата е неподвижно и е причинета голема материјална штета.

## ПОПОЛНУВАЊЕ НА ЕВРОПСКИ ИЗВЕШТАЈ

Пред да го пополните Европскиот извештај, препорачливо е да направите неколку фотографии кои ќе ја потврдат веродостојноста на настанатата сообраќајна незгода. Потоа веднаш отстранете ги возилата на безбедна локација со цел да не го попречуваат нормалниот тек на сообраќајот.

При пополнувањето на Европскиот извештај, внимавајте на следното:

•Правилно пополнете го формуларот, со точни податоци за Вас и за Вашето возило,

•Опишете ги околностите под кои се случила незгодата и направете скица, колку што е можно попрецизно (со задолжително исцртување на сообраќајните знаци и на патната сигнализација).

•Доколку има сведоци за сообраќајната незгода, пополнете го квадратчето во средината на Извештајот, а од сведоците побарајте податоци за контакт и наведете ги во Извештајот,

•Проверете ја точноста на податоците, наведени во формуларот, и за другите учесници во сообраќајната незгода (споредете ги податоците со возачката дозвола, сообраќајната дозвола и полисата за осигурување),

•Потпишете го вашиот дел од формуларот и проверете дали и другите учесници го потпишале формуларот,

•Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети со пенкало за да бидете сигурни дека информациите нема да можат да се променат откако ќе го напуштите местото на несреќата.

•Формуларот е во два примерока и секој учесник треба да задржи по еден примерок. Оригиналниот примерок по правило го зема оштетената странка.